СДСМ

Врзо снова на член 68 став 1 и членовите 68а до 68з од Статутот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, член 2, 19 и 20 од Правилникот за критериумите, начинот и постапката за кандидирање и избор на Претседател на СДСМ,со архивски број: 0202-51/4 усвоен на третата седница на Централниот одбор на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија одржана на ден 12.02.2025, се објавува:

## ОТВОРЕН ПОВИК

**За самокандидирање на кандидат за Претседател на СДСМ**

Социјалдемокатскиот сојуз на Македонијакако модерна, отворена и демократска партија, согласно статутарните измени, Претседателот ќе го избира на непосредни, внатрепартиски избори распишани на ден 12.02.2025 година со Одлука на Извршниот одбор на СДСМ, а кои ќе се одржат на ден 16.03.2025 година.

За таа цел ги повикуваме сите заинтересирани да се самокандидираат за Претседател на Социјалдемократскиот Сојуз на Македонија.

Кандидат за Претседател на СДСМ може да биде лице кое е најмалку 5 (пет) години член на СДСМ и најмалку еднаш бил избран од Конгресот на СДСМ за член на некои од органите на Партијата (претседател, заменик претседател, генерален секретар, член на централен одбор и член на надзорен одбор).

Со доставената самокандидатура за Претседател, кандидатот во хартиена форма задолжително доставува:

- Пополнет "Образец 1" – Пријава за самокандидирање;
- Лична биографија;
- Партиска биографија;
- Програма за работа за 4-годишен период.

Заинтересираните кандидати своите кандидатури, со целосна прилог документација во хартиена форма, во затворен плик со назнака „Самокандидатура за Претседател на СДСМ" потребно е лично да ги достават најдоцна до 19.02.2025 година, до Централната изборна комисија, во седиштето на СДСМ на ул. Бихаќка број 8, Скопје, од 08:00ч до 16:00 часот.

***Дополнителни информации и потребните обрасци се објавени на веб страната на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија www.sdsm.org.mk.***

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**

www.sdsm.org.mk• e-mail: contact@sdsm.org.mk•тел.: +389 2 3293100•факс: +389 2 32932109адреса: ул. „ПавелШатев" бр. 8, 1000 Скопје, РепубликаСевернаМакедонија